02-5241/13/1/2

# Политика на приватност на Сава пензиско друштво а.д. Скопје

Почитувани,

**Сава пензиско друштво а.д. Скопје** (понатаму во текстот: **Друштвото**) во согласност со дејноста која ја врши, врши и обработка на лични податоци согласно важечките прописи во Р.С. Македонија. Друштвото се грижи за Вашата приватност преку почитување на правото на приватност, почитување на начелата и одредбите за заштита на личните податоци и законита обработка на истите, употребувајќи бројни технички и организациски мерки.

**Обработка на лични податоци**

**Прибирање на лични податоци**

Личните податоци кои ги прибира Друштвото во улога на Контролор, а кои понатаму се предмет на обработка, ги собира единствено со закон утврдени цели, а за секоја друга цел обезбедува посебна *Изјава за согласност за обработка на лични податоци* од субјектите на личните податоци. Изјавата може да биде во писмена или електронска форма.

**Обем на обработка**

Согласно закон, Друштвото во склоп на својата примарна дејност, има обврска и да ги информира своите членови во врска со нивните права во однос на пензиското осигурување како и за информации поврзани со нивниот статус во Друштвото, измените во законската регулатива, движењето на финансиските пазари, остварените приноси, наплатени надоместоци и за други информации во врска со пензискиот систем. При обработката на личните податоци, Друштвото користи соодветни техничи и организациски мерки со цел обезбедување заштита на обработката на истите. Во таа насока, во Друштвото тековно се спроведуваат редовни внатрешни контроли, надворешни ревизии, оценување на ранливост и пенетрациски тестови со кои се утврдува и потврдува нивото на доверливост, сигурност, интегритет и расположливост на ИС и податоците кои се обработуваат во рамките на истиот. Роковите на чувањето на податоците кои се обработуваат се дефинирани согласно закон, а по истекувањето на роковите на чување, податоците се уништуваат согласно предвидените интерни процедури.

Друштвото се стреми да обезбеди што е можно поажурни податоци од субјектите на лични податоци со цел нивно навремено известување.

Збирките на лични податоци кои ги обработува Друштвото се пријавени во централниот регистар на Агенцијата за заштита на личнита податоци во Р. С. Македонија (понатаму во текстот: **АЗЛП**), а за секоја измена Друштвото дополнително согласно Закон ја известува АЗЛП.

**Овластени лица за обработка на лични податоци**

Во однос на обработката на личните податоци, Друштвото издава посебни овластувања за обработка на истите на лицата со кои имаат договорен деловен однос со Друштвото. Овие овластени лица, пред започнувањето со својата работа, а воедно и преку организирање на континуирани обуки се запознаваат во однос на заштитата на обработката на личните податоци. Овластените лица своерачно имаат потпишано *Изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци*.

**Сервиси на Друштвото**

**Портал – лична сметка**

При користење на порталот за лична сметка, Друштвото од лицата кои се најавуваат ги собира следниве категории на податоци: корисничко име, лозинка (не читлива форма), IP адреса, датум и време на најава. Размената на податоците помеѓу порталот на Друштвото и лицата кои се најавуваат на порталот (пример: корисничко име и лозинка) се одвива преку криптирана врска (https). Согласно Закон, секој член и пензиониран член на фондовите со кои управува Друштвото, треба да добие соодветно корисничко име и лозинка за најава на порталот.

**Контакт форма**

Со користење на контакт формата, лицата до Друштвото ги доставуваат следните податоци: име и презиме, е-маил, телефон. Размената на податоците помеѓу веб страната (контакт формата) на Друштвото и лицата кои ги внесуваат податоците во формата се одвива преку криптирана врска (https). Податоците кои ги обезбедува Друштвото преку оваа форма, ќе ги користи единствено за комуникација со доставувачот во врска со неговата порака.

**Web chat**

Овој сервис служи за добивање на општи информации во врска со пензискиот систем, информации за Друштвото, како и за добивање информации за статусот на лицата кои се членови во некои од фондовите со кои управува Друштвото. Сите пораки во chat-от се снимаат со цел контрола на квалитетот на услугата како и подобрување на информираноста на членството, а се чуваат не повеќе од 60 дена. Податоците кои ги обезбедува Друштвото преку chat-от, ќе ги користи единствено за комуникација со доставувачот во врска со неговата порака.

**Контакт телефон – 02/15500**

Овој сервис служи за добивање на општи информации во врска со пензискиот систем, информации за Друштвото, како и за добивање информации за статусот на лицата кои се членови во некои од фондовите со кои управува Друштвото. Сите повици воспоставени кон контакт телефонот на Друштвото, согласно писмен допис од МАПАС се снимаат со цел контрола на квалитетот на услугата како и подобрување на информираноста на членството. Во однос на ова, АЗЛП има донесено посебно решение со кое се одобрува обработката на биометриските податоци која ја вршат овластени лица во Друштвото.

**Останати канали преку кои се собираат лични податоци**

- достава на однапред пополнети Барања за поврат на ПДД до индивидуални членови на Сава пензија плус;
- барање за ажурирање на лични податоци;
- формулар за начин на известување;
- барање за достава на дополнителен извештај за состојба на пензиска заштеда;
- барање за достава на податоци за најава / ресетирање на лозинка за електронски пристап во лична сметка.

**Апликација за мобилни уреди**

При користење на апликацијата за мобилни уреди, Друштвото од лицата кои се најавуваат ги собира следниве категории на податоци: корисничко име, лозинка/пин (нечитлива форма), датум и време на најава. Размената на податоците помеѓу апликацијата (корисниците) и веб сервисот се одвива преку криптирана врска (https).

**Права на субјектите на лични податоци во однос нивната приватност**

Правата кои ги имаат субјектите на лични податоци во однос на нивната приватност и законитост на обработката се:

- право на идентификација на контролорот;
- право на добивање контакт податоци од Офицерот за заштита на личните податоци кај контролорот и право на директна комуникација со истиот;
- право на запознавање со целите на обработка;
- право на запознавање со тоа какви сé категории на лични податоци обработува контролорот за одреден субјект;
- право за добивање информација за рокот на чување на личните податоци;
- право за информирање за тоа на кои се корисници (обработувачи) се дадени личните податоци на обработка;
- право за добивање информација дали податоците се пренесуваат во други и трети земји;
- право за повлекување на изјавата за согласност за обработка на лични податоци (освен доколку истото е во спротивно на Закон);
- право на ажурирање на лични податоци;
- право на псевдонимизација или бришење на личните податоци (освен доколку истото е во спротивно на Закон);
- право на избор или отповикување на Изјава за согласност за вршење директен маркетинг;
- право за дополнување/измена/бришење/сопирање на користењето на личните податоци (освен доколку истото е во спротивно на Закон);
- право на увид на начинот и обемот на обработката на личните податоци.

Соодветните обрасци кои се однесуваат на правата на субјектите на лични податоци се достапни на веб страната на Друштвото во делот "*Барања за остварување на вашите права*".

**Профилирање**

Друштвото не врши профилирање на субјекти на лични податоци за било какви цели.

**Директен маркетинг**

Согласно закон, Друштвото може да врши директен маркетинг единствено на лица кои своерачно потпишале *Изјава за согласност за вршење на директен маркетинг*.

**Колачиња (Cookies)**

Веб страната на Друштвото користи колачиња кои ја подобруваат функционалноста како и корисничкото искуство на посетителот.

**Видео надзор**
Друштвото врши видео надзор согласно Законот за заштита на личните податоци, подзаконските акти и интерните акти на Друштвото кои ја регулираат оваа област.

**Давање на податоци на трети субјекти - обработувачи**
Друштвото дава лични податоци од субјектите на лични податоци единствено на субјекти со кои има договорен деловен однос, по директно дадено овастување од субјектот на лични податоци за обработка од страна на трети лица и склучен *Договор за заштита и обработка на личните податоци* каде детално е регулиран начинот и условите за обработката на истите.

**Пренос на лични податоци во други земји**
Согласно ЗЗЛП, други земји се земји каде е обезбеден соодветен степен на заштита на личните податоци т.е. тоа се земји членки на ЕУ или земји членки на Европската економска зона. Друштвото врши пренос на лични податоци заради исполнување на Договор во интерес на субјектот на лични податоци меѓу Контролорот и трето лице и тоа во Р. Хрватска и Р. Словенија За преносот, Контролорот има склучено договор за деловна соработка и договор за пренос на лични податоци, а има обезбедено и одобрение од страна на АЗЛП.

**Постапување во случај на инцидент/неовластено откривање/загуба на лични податоци**
Во случај на сигурносен инцидент, откривање или загуба на лични податоци, Друштвото доколку располага со контакт податоци ги известува засегнатите субјекти на лични податоци за настанатиот инцидент, а доколку се работи за инцидент од поголеми размери, Друштвото за тоа известува преку јавно соопштение или преку соодветна објава на својот веб сајт, не подоцна од 72 часа од сознанието за настанатиот инцидент.

**Контакт податоци:**
**Контролор**
**Сава пензиско друштво а.д. Скопје**
https://www.sava-penzisko.mk/
kontakt@sava-penzisko.mk
**Тел.** 02/15500

**Офицер за заштита на лични податоци во Друштвото**
Кристина Ставровска Донев
dpo@sava-penzisko.mk

**Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС**
http://www.mapas.mk contact@mapas.mk
**Тел.** 02/3224229

**Агенција за заштита на личните податоци - АЗЛП**
**https://azlp.mk/** info@privacy.mk
**Тел.** 02/3230635

Во случај на измена и дополнување на оваа Политика, новата верзија ќе биде објавена на веб страната на Друштвото.

Со почит,
Сава пензиско друштво а.д. Скопје

Snezhana Stankovikj Digitally signed by Snezhana Stankovikj
Date: 2024.12.30 13:21:34 +01'00'